**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
**Association of finance officers**
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-455
17.12.2020 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за јавни набавки
Сектор /одделение за финансии
Сметководство / правни работи / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,
Функционирањето во услови на пандемија од вирусот COVID 19 ја потенцира потребата од дизајнирање на план за јавни набавки, поинаков од вообичаениот кој се подготвувал во претходните години, а во кој посебен акцент се става и на потребите предизвикани од пандемијата. Во таа насока, Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, следејќи ја долгогодишната традиција и обезбедувајќи континуитет во областа на одржување обуки од областа на јавните набавки, како и следејќи ги актуелните потреби и барања за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации, искуства и зголемување на вештините, со задоволство Ве поканува на **On line** работилницата со наслов:

**„ПЛАНИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО УСЛОВИ НА COVID КРИЗАТА И НАЈЧЕСТИ ПРАШАЊА ОД ПРАКСА"**

Поради актуелната состојба со Корона вирусот COVID-19 и заштита на здравјето, намалувањето на ризиците од ширењето на вирусот и обезбедување услови за безбедно одржување на обука, работилницата ќе се одржи **On line**, со користење на платформата **ZOOM.** Работилницата ќе започне во **10.00 часот на 24.12.2020 година**, а пожелно е учесниците да бидат регистрирани на платформата ZOOM најдоцна до 9.45 часот. Непосредно пред почетокот на работилницата пријавените учесници ќе добијат линк до обуката. Работилницата ќе заврши во 13.00 часот.

На работилницата ќе бидат обработени прашања кои се однесуваат на: Внатрешната организација и подготвителни активности за изработка на планот за јавни набавки; Планирањето на групни набавки и повеќегодишни договори; Изработката на планот за јавни набавки за 2021 година и објавување на ЕСЈН; Користењето на постапката со преговарање во услови на COVID кризата; Вршењето на набавки до 1000 евра; како и други прашања од областа на јавните набавки за кои ќе постои интерес за дискусија.

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на Единиците на локалната самоуправа, Буџетски корисници, единки корисници, Јавните здравствени установи, Јавните установи, Јавни претпријатија / Јавно комунални претпријатија, Акционерски друштва и други заинтересирани страни. Обезбедениот квалитетен експерт-практичар, м-р Александар Аргировски, со своето долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, подготвените материјали и утврдените области кои се предмет на елаборирање на работилницата, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Надоместокот за учество на работилницата и добивање на материјалите по електронски пат, по учесник изнесува само 3.500 денари со вклучен ДДВ, кој треба да го уплатите на една од следните сметки:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на подготовка за работилницата, поради очекуваниот голем интерес и ограничениот број на учесници, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети Пријави за учество на работилницата на e-mail zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com. Формуларот за пријавување учеството и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку наведените e-mail адреси. Ве очекуваме заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија ВЕЛЕС 2

З. Јанкуловски

**Прилог:** Агенда